**З А П И С Н И К**
**од Дваесет и третата седница на Владата на Република Македонија,**
**одржана на 15.8.2017 година**

**Скопје, август 2017 година**

**З А П И С Н И К**
**од Дваесет и третата седница на Владата на Република Македонија,**
**одржана на 15.8.2017 година**

Седницата започна во 12.35 часот.

На седницата претседаваше претседателот на Владата на Република Македонија, Зоран Заев и заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија и министер за одбрана, м-р Радмила Шекеринска-Јанковска .

На седницата присуствуваа заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија, задолжен за европски прашања, д-р Бујар Османи, заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија, задолжен за економски прашања и за координација на економските ресори, д-р Кочо Анѓушев и заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија, задолжен за спроведување на Рамковниот договор и политички систем, Хазби Лика, членовите на Владата на Република Македонија Билен Саљији, министер за правда, д-р Драган Тевдовски, министер за финансии, Љупчо Николовски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, д-р Рената Тренеска-Дескоска, министер за образование и наука, Мила Царовска, министер за труд и социјална политика, м-р Роберт Алаѓозовски, министер за култура, Дамјан Манчевски, министер за информатичко општество и администрација, м-р Горан Сугарески, министер за транспорт и врски, Роберт Поповски, министер без ресор, задолжен за комуникации, отчетност и транспарентност, Едмонд Адеми, министер без ресор, задолжен за дијаспора, Самка Ибраимовски, министер без ресор, задолжен за имплементација на Националната стратегија за подобрување на состојбата на Ромите во Република Македонија, д-р Рамиз Мерко, министер без ресор, задолжен за странски инвестиции, д-р Аднан Ќахил, министер без ресор, задолжен за странски инвестиции, Зорица Апостолска министер без ресор, задолжен за странски инвестиции и д-р Зоран Шапуриќ, министер без ресор задолжен за регулатива за подобрување на инвестиционата клима за домашните претпријатија и генералниот секретар на Владата на Република Македонија, д-р Драги Рашковски и заменикот на генералниот секретар на Владата на Република Македонија, Тахир Хани.

На седницата присуствуваа и Снежана Наџаковска и Оливера Нечовска од Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата на седницата присуствуваа и д-р Агим Нухиу, заменик на министерот за внатрешни работи, д-р Арта Точи, заменик на министерот за надворешни работи, м-р Кире Наумов, заменик на министерот за економија, Дејан Павлески, заменик на министерот за локална самоуправа, д-р Гоце Чакаровски, заменик на министерот за здравство и м-р Јани Макрадули, заменик на министерот за животна средина и просторно планирање.

На седницата присуствуваа и Авдил Битиќи, заменик на директорот на АД „Македонска пошта“ – Скопје, Фируз Мемед, заменик на директорот на Агенцијата за храна и ветеринарство (в.к.в), Билјана Јовановска, директор на Агенцијата за вработување на Република Македонија (в.к.в), како и претставници од Јавното претпријатие за државни патишта, Јавното претпријатие „Македонски железници“ – Инфраструктура (в.к.в), Агенцијата за управување со одземен имот и Миле Бошњаковски и Мухамет Хоџа, портпароли на Владата на Република Македонија.

Од седницата отсуствуваа заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија и министер за внатрешни работи, Оливер Спасовски, м-р Никола Димитров, министер за надворешни работи, м-р Крешник Бектеши, министер за економија, д-р Арбен Таравари, министер за здравство, Сухејл Фазлиу, министер за локална самоуправа и Садула Дураку, министер за животна средина и просторно планирање.

*

*　　　*

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

**ДНЕВЕН РЕД**

Усвојување на Записникот од 22-та седница на Владата, одржана на 9.8.2017 година

**ПРЕД ПРЕМИНУВАЊЕ НА ДНЕВЕН РЕД**

- Информација за потпишување на Дополнување кон Спогодбата за финансирање помеѓу Владата на Република Македонија и Европската унија, претставувана од Европската комисија за преку - граничната програма Република Македонија – Косово во рамки на компонентата на ИПА за преку - гранична соработка за 2013 година, со усогласен текст на Дополнувањето кон Спогодбата
- Информацијата за искористеност на ИПА

**А. МАТЕРИЈАЛИ ЗА КОИ СЕ ВОДИ РАСПРАВА И СЕ ОДЛУЧУВА**

**а) Гости**

1. Извештај за финансиското работење на Јавното претпријатие за државни патишта, за периодот јануари – март 2017 година

2. Годишна сметка на Јавното претпријатие за железничка инфраструктура „Македонски железници“ – Скопје за 2016 година и Годишен извештај за работењето на Јавното претпријатие за железничка инфраструктура „Македонски железници“ – Скопје за 2016 година, со предлог-одлуки

3. Годишна сметка, Финансиски извештај и Извештај за работењето за 2016 година на АД за поштенски сообраќај „Македонска пошта“ – Скопје, во државна сопственост, со предлог - одлуки

4. Информација за надомест на директни загуби во говедарството за угинати животни заради болеста на чвореста кожа

5. Информација за состојбата со болеста инфективна анемија кај копитари

6. Предлог - одлуки за давање согласност за отстапување на трајно одземени предмети во управна постапка (возила) на државни органи и Предлог - одлуки за престанок на важење на одлуките за давање согласност на решенијата за отстапување на трајно одземени предмети во управна постапка (возила)

7. Информација за прогрес на активностите поврзани со реализација на Проектот за самовработување со кредитирање, Проектот кредитирање на правни субјекти за отворање на нови работни места, Проектот за самовработување со кредитирање за млади лица до 29 години и Проектот кредитирање на правни субјекти за отворање на нови работни места за млади лица до 29 години

8. Извештај за квалитетот на воспитно – образовниот процес во воспитно образовните установи во Република Македонија, во 2016/2017 година

9. Извештај за работата на Судскиот буџетски совет и за реализацијата на судскиот буџет за 2016 година

10. Предлог - одлука за донесување одлука за изменување на Изјавата за основање на Друштвото за изградба, управување и издавање на повеќенаменска сала БОРИС ТРАЈКОВСКИ ДООЕЛ Скопје, со Предлог - одлука и Изјава за основање на Друштвото

11. Предлог - одлука за изменување на Изјавата за основање на Трговското друштво „НАФТОВОД“ ДООЕЛ Скопје

**б) економски систем и тековна економска политика**

12. Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за сметководството за буџетите и буџетските корисници

13. Предлог-закон за изменување на Законот за издавање на обврзници на Република Македонија за денационализација

14. Информација за примена на принципот на финансиска транспарентност кај јавните претпријатија

15. Извештај за завршени преговори за изменување на Протоколот 2 од Договорот за слободна трговија помеѓу Република Македонија и Република Турција

16. Информација во врска со одржување Годишно Собрание на акционери на Тутунски комбинат АД Прилеп, закажано за 25.8.2017 година

17. Информација во врска со реализацијата на проектот „Рехабилитација и проширување на канализационата мрежа во Градот Скопје“ (статус: јуни 2017 година)

**в) политички систем**

18. Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за внатрешни работи

19. Предлог-деловник за изменување на Деловникот за работа на Владата на Република Македонија

20. Информација за правосилност на една одлука на Европскиот суд за човекови права по однос на предметот Еминов против Република Македонија, со Предлог-одлука

21. Информација во врска со потребните задачи и активности кои треба да се преземат во врска со имплементацијата на Стратегијата за подобрување на состојбата на Ромите во Република Македонија

**г) човечки ресурски и одржлив развој**

22. Информација за избор на надзорен орган за Проектот за изградба на Регионална клиничка болница Штип

23. Информација за Програма за безбедност и здравје при работа, со Предлог – програма, Акциски план за спроведување на Стратегијата за безбедност и здравје при работа 2020, за 2017-2020 година и Стратегија за безбедност и здравје при работа 2020

24. Информација за воведување на втора смена во јавните установи за деца - детски градинки во Република Македонија

25. Информација за одржан втор круг на преговори за склучување на Договор меѓу Република Македонија и Руската Федерација за соработка во областа на социјалната сигурност

26. Информација за текот и прогресот на активности за отворање на центрите за ран детски развој во соработка со УНИЦЕФ во Република Македонија

27. Информација за прогрес на Проектот „Отворање на народни кујни“ за периодот јануари - јуни 2017 година

28. Информација за придонес кон иницијативата за поддршка на маргинализираните категоии преку одржливост на списанието „Лице в лице“

29. Информација за потребата од донесување на Одлука за давање на трајно користење на недвижни ствари, без надомест на Министерството за труд и социјална политика и Одлука за престанување на важењето на Одлуката за престанок и давање на трајно користење на недвижни ствари на Службата за општи и заеднички работи на Република Македонија, со предлог - одлуки

30. Информација за формирање на Интер-ресорска консултативна и советодавна група за еднакви можности на жените и мажите согласно член 10 став 6 од Законот за еднакви можности на жените и мажите, со Предлог-одлука и Предлог-решение

**Б. МАТЕРИЈАЛИ ЗА КОИ СЕ ОДЛУЧУВА БЕЗ РАСПРАВА**

**а) економски систем и тековна економска политика**

**б) политички систем**

31. Предлог-одлука за изменување на Одлуката за испраќање на припадници на Армијата на Република Македонија за учество во вежбовната активност „VIGORIOUS WARRIOR”, во Република Унгарија

32. Предлог-одлука за испраќање на припадници на Армијата на Република Македонија за учество во вежбовната активност „JOINT COOPERATION” во Сојузна Република Германија

33. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на недвижна ствар на Апелационен суд Гостивар

**в) човечки ресурски и одржлив развој**

34. Предлог-одлука за давање во закуп на дел од недвижна ствар со непосредна спогодба на Универзитетот „Св.Кирил и Методиј“ во Скопје

**г) предлози по кои Владата дава мислење**

**(а) по барање на Собранието на Република Македонија**

35. Барање за давање на автентично толкување на член 9 став 1 алинеја 1 од Законот за јавни набавки, поднесено од градоначалникот на Општина Куманово

36. Барање за давање на автентично толкување на членот 42-а став 2 од Законот за управните спорови, поднесено од пратеникот Соња Мираковска

37. Годишен извештај за работата на Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија во 2016 година

38. Годишен извештај за извршените ревизии и за работењето на Државниот завод за ревизија во 2016 година

39. Предлог-одлука за утврдување на работите од премерот во функција за запишување на недвижности сопственост на Република Македонија

**(б) по барање на органи, организации и други правни лица**

40. Иницијатива поднесена од Игорчо Точев од Кочани, доставена до Уставниот суд на Република Македонија под У.бр.55/2017, за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 84-а став 6 од Законот за социјалната заштита („Службен весник на Република Македонија“ бр.79/2009, 36/2011, 51/2011, 166/2012, 15/2013, 79/2013, 164/2013, 187/2013, 38/2014, 44/2014, 116/2014, 180/2014, 33/2015, 72/2015, 104/2015, 150/2015, 173/2015, 192/2015 и 30/2016)

41. Понуда од нотар Вера Станоевска од Скопје за продажба на недвижен имот, со Имотен лист бр.2897 за КО Кисела Вода 1, на КП 5004

42. Понуда од нотар Мексуд Максуд од Ресен за продажба на сосопственички дел од недвижен имот, земјиште кое претставува 1030/2082 идеален дел од КП 5784, со Имотен лист бр.57036 за КО Ресен

**В) ДРУГИ ПРЕДЛОЗИ**

43. Кадровски прашања

44. Прашања и предлози

**Г) ЗА ИНФОРМИРАЊЕ**

45. Информација во врска со одржан состанок во Секретаријатот на Енергетска заедница во Виена, Австрија на 9.8.2017 година

46. Информација за спроведување на мерките за реформи на поврзаноста т.н. меки мерки усвоени на самитите на Западен Балкан 6, одржани во Виена на 27.8.2015 година и во Париз на 4.7.2016 година

47. Информација за прогрес на активностите во врска со одложената имплементација на наставните планови и програми за I (прва) година на гимназиското образование, средното стручно четиригодишно образование и за средното стручно тригодишно образование

48. Информација за прогрес на имплементираните проекти од Стратегијата за Роми и вклучување на Ромите - 2020 во Министерството за труд и социјална политика, за периодот април - јуни 2017 година

49. Информација за текот и прогресот на активностите во врска со проектот „Изградба на детска градинка во с.Зрновци“

50. Годишен извештај за преземените активности и постигнатиот напредок за воспоставување еднакви можности на жените и мажите во Република Македонија за 2016 година

51. Годишен извештај за работата на Меѓуресорската комисија надлежна за одобрување на предлог - проект и доставување на предлог за исплата на трошоци за производството на домашна документарна и/или домашна играна програма за 2016 година

**Д) ДОПОЛНИТЕЛНИ ТОЧКИ**

52. Информација во врска со донесување на Програма за изменување и дополнување на Програмата за развој на туризмот за 2017 година, со Предлог – програма

53. Информација во врска со донесување на Програма за изменување и дополнување на Програмата за конкурентност, иновации и претприемништво за 2017 година, со Предлог-програма

54. Информација во врска со донесување на Програма за изменување на Програма за надоместување на дел од трошоците за купени и вградени сончеви термални колекторски системи

во домаќинствата и за надоместување на дел од трошоците за купени и вградени ПВЦ или алуминиумски прозорци во домаќинствата за 2017 година, со Предлог-програма

55. Предлог – одлука за изменување на Одлуката за запишување на право на сопственост на АД „МЕПСО"- Скопје на линиски инфраструктурен објект ДВ 422 ТС Дуброво - грчка граница во Катастарот на инфраструктурни објекти

*

*            *

Владата без забелешки го усвои Записникот од Дваесет и втората седница на Владата, одржана на 9.8.2017 година

*

*            *

- **Информација за потпишување на Дополнување кон Спогодбата за финансирање помеѓу Владата на Република Македонија и Европската унија, претставувана од Европската комисија за преку - граничната програма Република Македонија – Косово во рамки на компонентата на ИПА за преку - гранична соработка за 2013 година, со усогласен текст на Дополнувањето кон Спогодбата**

Владата ја разгледа Информацијата за потпишување на Дополнување кон Спогодбата за финансирање помеѓу Владата на Република Македонија и Европската унија, претставувана од Европската комисија за преку - граничната програма Република Македонија – Косово во рамки на компонентата на ИПА за преку - гранична соработка за 2013 година, со усогласен текст на Дополнувањето кон Спогодбата и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Го прифати усогласениот текст на Дополнувањето кон Спогодбата за финансирање помеѓу Владата на Република Македонија и Европската унија, претставувана од Европската комисија за преку - граничната програма Република Македонија – Косово во рамки на компонентата на ИПА за преку - гранична соработка за 2013 година.

2. Се определува д-р Бујар Османи, заменик на претседателот на Владата, задолжен за европски прашања и Национален ИПА координатор, во име на Владата на Република Македонија да го потпише Дополнувањето кон Спогодбата за финансирање помеѓу Владата на Република Македонија и Европската унија, претставувана од Европската комисија за преку - граничната програма Република Македонија – Косово во рамки на компонентата на ИПА за преку - гранична соработка за 2013 година, по пат на Писмо замена за потпис.

3. Се задолжува Министерството за локална самоуправа да го планира и предвиди износот на буџетски средства потребни за национално кофинансирање на Преку-граничната програма Република Македонија–Косово во рамки на компонентата на ИПА за преку - гранична соработка за 2013 година, во рамки на максимално одобрените износи на расходи со Буџетот на Република

Македонија за соодветните години и во согласност со динамиката на спроведување на Стратешкиот проект финансиран во рамки на оваа Програма.

- **Информација за искористеност на ИПА**

Владата по Информацијата за искористеност на ИПА заклучи Секретаријатот за европски прашања и Министерството за финансии во најкраток рок да подготват информација со пресек за досегашната искористеност на средствата од ИПА фондовите и ризикот од губење на одредени средства до крајот на годината и за тоа на соодветен начин да ја информираат јавноста.

Истовремено, Владата заклучи сите министерства да ги доставуваат своите предлози и сугестии за начинот на користење на овие средства до Секретаријатот за европски прашања.

*

*　　　　*

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

**<u>Точка 1</u>**

Владата го разгледа Извештајот за финансиското работење на Јавното претпријатие за државни патишта, за периодот јануари – март 2017 година, како материјал за информирање.

Истовремено, Владата му укажа на Јавното претпријатие за државни патишта во договорите за вршење надзор да утврди рокови во кои надзорите треба да ги прегледаат и потпишат ситуациите на изведените работи.

**<u>Точка 2</u>**

Владата ги разгледа Годишната сметка на Јавното претпријатие за железничка инфраструктура „Македонски железници“ – Скопје за 2016 година и Годишниот извештај за работењето на Јавното претпријатие за железничка инфраструктура „Македонски железници“ – Скопје за 2016 година, со предлог-одлуки и ги донесе :

1. Одлуката за давање на согласност на Годишната сметка на Јавното претпријатие за железничка инфраструктура „Македонски железници“ – Скопје за 2016 година, во предложениот текст.

2. Одлуката за давање на согласност на Одлуката за покривање на загубата од работењето на Јавното претпријатие за железничка инфраструктура „Македонски железници“ – Скопје за 2016 година, во предложениот текст.

3. Одлуката за давање согласност на Годишниот извештај за работењето на Јавното претпријатие за железничка инфраструктура „Македонски железници“ – Скопје за 2016 година, во предложениот текст.

**Точка 3**

Владата ги разгледа Годишната сметка, Финансискиот извештај и Извештајот за работењето за 2016 година на АД за поштенски сообраќај „Македонска пошта“ – Скопје, во државна сопственост, со дополнителниот одговор по забелешките од Министерството за финансии и ги донесе новите текстови на:

1. Одлуката за одобрување на Годишната сметка и финансиските извештаи на Акционерското друштво за поштенски сообраќај „Македонска пошта“ – Скопје, во државна сопственост за 2016 година,

2. Одлуката за одобрување на Извештајот за работењето на Акционерското друштво за поштенски сообраќај „Македонска пошта“ – Скопје, во државна сопственост за 2016 година и

3. Одлуката за распределба на остварената добивка по Годишната сметка на Акционерското друштво за поштенски сообраќај „Македонска пошта“ – Скопје, во државна сопственост за 2016 година, во предложените текстови.

Истовремено, Владата му укажа на Акционерското друштво за поштенски сообраќај „Македонска пошта“ – Скопје, во државна сопственост во рок од два месеци да подготви Предлог -програма за намалување на непродуктивните трошоци и истата да ја достави до Владата.

**Точка 4**

Владата ја разгледа Информацијата за надомест на директни загуби во говедарството за угинати животни заради болеста на чвореста кожа, ја усвои и ја задолжи Агенцијата за храна и ветеринарство, во соработка со Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и Агенцијата за финансиска поддршка на земјоделството и руралниот развој најдоцна до 1.9.2017 година да изнајдат најповолен и најбрз начин за исплата на средства за надомест на штета на одгледувачите кои претрпеле штета од болеста на чвореста кожа кај кои се затекнати угинати животни и за тоа да ја информираат Владата на Република Македонија, најдоцна до 11.9.2017 година.

**Точка 5**

Владата ја разгледа Информацијата за состојбата со болеста инфективна анемија кај копитари (нов текст), ја усвои Информацијата и ја задолжи Агенцијата за храна и ветеринарство да преземе мерки за сузбивање и искоренување на болеста инфективна анемија кај копитари и редовно на секои три недели да ја известува Владата за моменталната состојба со болеста.

**Точка 6**

Владата ги разгледа Предлог - одлуките за давање согласност за отстапување на трајно одземени предмети во управна постапка (возила) на државни органи и Предлог - одлуки за престанок на важење на одлуките за давање согласност на решенијата за отстапување на трајно одземени предмети во управна постапка (возила) и ги донесе:

1. Одлуката за престанување на важењето на Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на трајно одземени предмети во управна постапка на Министерството за здравство, во предложениот текст.

2. Одлуката за престанување на важењето на Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на привремено одземени предмети на Општина Тетово, во предложениот текст.

3. Одлуката за престанување на важењето на Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на трајно одземен предмет во управна постапка на Државен универзитет Тетово, во предложениот текст.

4. Одлуката за давање согласнот на Решението за отстапување на трајно одземени предмети во управна постапка на Министерството за здравство, во предложениот текст.

Истовремено, Владата го одложи разгледувањето на Предлог - одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на трајно одземени предмети во управна постапка на Општина Тетово, со заклучок да се разгледа на седница на Владата, по добивање на мислење од Државната комисија за спречување на корупцијата.

Материјалот претходно да се разгледа на седница на Комисијата за политички систем.

**Точка 7**

Владата ја разгледа Информацијата за прогрес на активностите поврзани со реализација на Проектот за самовработување со кредитирање, Проектот кредитирање на правни субјекти за отворање на нови работни места, Проектот за самовработување со кредитирање за млади лица до 29 години и Проектот кредитирање на правни субјекти за отворање на нови работни места за млади лица до 29 години , како материјал за информирање.

Истовремено, Владата ја задолжи Агенцијата за вработување на Република Македонија – Секторот за анализа, да направи истражување/анализа меѓу невработените лица, за тоа која е причината за намалување на трендот за интересот за овој проект, како и ја задолжи Агенцијата за вработување на Република Македонија да подготви анализа за одржливоста на овој проект, во соработка со Министерството за труд и социјална политика, Министерството за финансии, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и Македонска банка за поддршка на развојот.

**Точка 8**

Владата го разгледа Извештајот за квалитетот на воспитно – образовниот процес во воспитно образовните установи во Република Македонија, во 2016/2017 година, како материјал за информирање.

**Точка 9**

Владата го разгледа Извештајот за работата на Судскиот буџетски совет и за реализацијата на судскиот буџет за 2016 година, како материјал за информирање, имајќи ги предвид укажувањата изнесени во мислењата на Министерството за финансии, Министерството за правда и Министерството за информатичко општество и администрација

**Точка 10**

Владата ја разгледа Информацијата за донесување одлука за изменување на Изјавата за основање на Друштвото за изградба, управување и издавање на повеќенаменска сала БОРИС ТРАЈКОВСКИ ДООЕЛ Скопје, со Предлог - одлука и Изјава за основање на Друштвото (пречистен текст), ја усвои Информацијата и заклучи:

1. Ја донесе Одлуката за изменување на Изјавата за основање Друштво за изградба, управување и издавање на повеќенаменска сала БОРИС ТРАЈКОВСКИ ДООЕЛ Скопје, во предложениот текст.

2. Даде Изјава за основање Друштво за изградба, управување и издавање на повеќенаменска сала БОРИС ТРАЈКОВСКИ ДООЕЛ Скопје (пречистен текст).

**Точка 11**

Владата ја донесе Одлуката за изменување на Изјавата за основање на Трговското друштво ,,НАФТОВОД“ ДООЕЛ Скопје (нов текст), во предложениот текст.

**Точка 12**

Владата го разгледа Предлог - законот за изменување и дополнување на Законот за сметководството за буџетите и буџетските корисници, го утврди и заклучи согласно член 137 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да го достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Македонија во Собранието се определени д-р Драган Тевдовски, министер за финансии и д-р Ширете Елези, заменик на министерот за финансии, а за повереници, Елена Трпковска, државен секретар во Министерството за финансии, Виолета Стојановска - Петровска, државен советник во Министерството за финансии и Ленче Тагасовска, раководител на сектор во Министерството за финансии.

**Точка 13**

Владата го разгледа Предлог - законот за изменување на Законот за издавање на обврзници на Република Македонија за денационализација, го утврди и заклучи согласно член 137 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Македонија во Собранието се определени д-р Драган Тевдовски, министер за финансии и д-р Ширете Елези, заменик на министерот за финансии, а за повереници Елена Трпковска, државен секретар во Министерството за финансии и Виолета Стојановска - Петровска, државен советник во Министерството за финансии.

**Точка 14**

Владата ја разгледа Информацијата за примена на принципот на финансиска транспарентност кај јавните претпријатија и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за економија, во соработка со Министерството за финансии да подготви предлог - закон за изменување и дополнување на Законот за јавните претпријатија и во рок од 20 дена да го достави до Владата.

2. Се укажува на надлежните органи на јавните претпријатија основани од Република Македонија на веб - страницата на јавното претпријатие да ги објават извештаите со податоци и показатели за финансиското работење на јавното претпријатие (Годишен извештај за 2016 година, извештаи за прв и втор квартал од 2017 година како и понатамошните извештаи за периодот до донесување на

измените во Законот за јавните претпријатија), а со цел почитување на принципот на финансиска транспарентност кај јавните претпријатија, во периодот до донесување на Законот за изменување и дополнување на Законот за јавните претпријатија од Собранието на Република Македонија.

**Точка 15**

Владата го одложи за наредната седница разгледувањето на Извештајот за завршени преговори за изменување на Протоколот 2 од Договорот за слободна трговија помеѓу Република Македонија и Република Турција, на предлог на заменикот на министерот за економија, м-р Кире Наумов.

**Точка 16**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата во врска со одржување Годишно Собрание на акционери на Тутунски комбинат АД Прилеп, закажано за 25.8.2017 година и го усвои со следниве заклучоци:

1. Заклучоците од оваа Информација да се достават до овластеното лице, кое согласно член 392 од Законот за трговските друштва, има својство на полномошник и претставник на акциите на Владата на Република Македонија во друштвото, како инструкција за начинот на гласање на Годишното собрание на акционери на Тутунски комбинат АД Прилеп, закажано за 25.8.2017 година, односно да гласа како што е утврдено во третиот заклучок.

2. Се задолжува Генералниот секретаријат на Владата да го извести друштвото Тутунски комбинат АД Прилеп за издаденото полномошно на претставникот на своите акции во друштвото.

3. Се одобрува начинот на гласање на Собранието од страна на својот преставник, по наведените точки од дневниот ред и тоа:

ДНЕВЕН РЕД:

Процедурален дел

1. Избор на работни тела на собранието
   а) Верификациона комисија од 3 члена

   - По оваа точка од друштвото е доставена Предлог - одлука за избор на верификациона комисија. За оваа точка да гласа „ЗА“.

   б) 1 бројач на гласови

   - По оваа точка од друштвото е доставена Предлог - одлука за избор на бројач на гласови. За оваа точка да гласа „ЗА“.

2. Избор на претседавач на собрание на акционери
   - Во доставениот материјал за седницата дадена е Одлука за избор на претседавач на Собрание. За оваа точка да гласа „ЗА“.

Работен дел:

1.Одобрување на Билансите на финансиските извештаи на Тутунски комбинат АД Прилепи со него капитално поврзаните друштва Тутунски комбинат Тутун ДООЕЛ Прилеп и Тутунски комбинат Цигари ДООЕЛ Прилеп за периодот од 1.1.2016 година до 30.9.2016 година.

- Предлог - одлука за одобрување на билансите на финансиските извештаи на Тутунски комбинат АД Прилеп за периодот од 1.1.2016 година до 30.9.2016 година - да гласа „ЗА“.

- Предлог - одлука за одобрување на билансите на финансиските извештаи на Тутунски комбинат Тутун ДООЕЛ Прилеп за периодот од 1.1.2016 година до 30.9.2016 година - да гласа „ЗА“.

- Предлог - одлука за одобрување на билансите на финансиските извештаи на Тутунски комбинат Цигари ДООЕЛ Прилеп за периодот од 1.1.2016 година до 30.9.2016 година - да гласа „ЗА“.

2.Разгледување и одобрување на Годишен извештај за работењето на Тутунски комбинат АД Прилеп за деловната 2016 година.

- Предлог - одлука за одобрување на Извештајот за работењето на Тутунски комбинат АД Прилеп за деловната 2016 година. За оваа точка да гласа „ПРОТИВ“.

3. Одобрување на Годишната сметка и финансиските извештаи за работата на Тутунски комбинат АД Прилеп за деловната 2016 година. Во прилог на материјалот дадени се:

- Предлог - одлука за одобрување на Годишна сметка и финансиските извештаи за работата на Тутунски комбинат АД Прилеп за деловната 2016 година - да гласа „ЗА“.

4. Разгледување и усвојување на Извештајот од извршената ревизија на годишните сметки и финансиските извештаи на Тутунски комбинат АД Прилеп за деловната 2016 година

- Предлог - одлука за одобрување на извештајот на независниот ревизор за деловната 2016 година - да гласа „ЗА“.

5. Одобрување на работата и на водењето на работењето со друштвото на членовите на Одборот на директори

- Предлог - одлука за одобрување на работата и водењето на работењето со Тутунски комбинат АД Прилеп на Александар Дерменџиев (извршен член) - да гласа „ПРОТИВ“.

- Предлог - одлука за одобрување на работата и водењето на работењето со Тутунски комбинат АД Прилеп на Христина Келемен (извршен член) - да гласа „ПРОТИВ“.

- Предлог - одлука за одобрување на работата и водењето на работењето со Тутунски комбинат АД Прилеп на Вера Димитриева (неизвршен член) - да гласа „ПРОТИВ“.

- Предлог - одлука за одобрување на работата и водењето на работењето со Тутунски комбинат АД Прилеп на Здравко Здравески (неизвршен член) - да гласа „ПРОТИВ“.

- Предлог - одлука за одобрување на работата и водењето на работењето со Тутунски комбинат АД Прилеп на Драган Василески (неизвршен член) - да гласа „ПРОТИВ“.

- Предлог - одлука за одобрување на работата и водењето на работењето со Тутунски комбинат АД Прилеп на Сања Минкова (извршен член) - да гласа „ПРОТИВ“ и

- Предлог - одлука за одобрување на работата и водењето на работењето со Тутунски комбинат АД Прилеп на Сања Димитриевска (неизвршен член) - да гласа „ПРОТИВ“.

7.Назначување овластен ревизор за ревизија на годишната сметка и финансиските извештаи на Тутунски комбинат АД Прилеп за деловната 2017 година

- Предлог - одлука за назначување овластен ревизор Гранд Торнтон ДОО Скопје - да гласа „ЗА“.

4.Се укажува на друштвото Тутунски комбинат АД Прилеп во рок од осум дена да го достави Договорот за стратешко партнерство со Philip Morris International.

**Точка 17**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата во врска со реализацијата на проектот „Рехабилитација и проширување на канализационата мрежа во Градот Скопје“ (статус: јуни 2017 година) и го усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за финансии во соработка со Министерството за животна средина и просторно планирање и Градот Скопје да направи предлог-план со временска рамка за изнаоѓање на средства за фининансирање на изградбата на пречистителната станица за Скопје и за тоа да ја информира Владата до крај на август 2017 година.

2. Се задолжуваат Министерството за финансии и Министерството за животна средина и просторно планирање, како почеток на преговарање со службите на Делегацијата на Европската Унија во Скопје, 2022 година да ја земе како година од кога би започнала изградбата на пречистителната станица.

3. Се задолжува Министерството за животна средина и просторно планирање во соработка со Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија, задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори и Министерството за финансии, а со поддршка на проектот поддржан од Француската влада, по усвојувањето на планот од Министерството за финансии за временската рамка за изнаоѓање на средства за финансирање на изградбата на пречистителната станица за Скопје, во рок од три седмици да организира конференција, на која ќе бидат повикани претставници на меѓународни финансиски организации и донатори да ја покажат својата заинтересираност за финансирање на изградбата на ПСОВ за Скопје.

**Точка 18**

Владата на предлог на д-р Агим Нухиу, заменик на министерот за внатрешни работи го одложи разгледувањето на Предлог - законот за изменување и дополнување на Законот за внатрешни работи, за наредната седница на Владата.

**Точка 19**

Владата го донесе новиот текст на Деловникот за изменување на Деловникот за работа на Владата на Република Македонија, во предложениот текст.

**Точка 20**

Владата ја разгледа Информацијата за правосилност на една одлука на Европскиот суд за човекови права по однос на предметот Еминов против Република Македонија, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за исплата на средства од Буџетот на Република Македонија за 2017 година, во предложениот текст.

**Точка 21**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со потребните задачи и активности кои треба да се преземат во врска со имплементацијата на Стратегијата за подобрување на состојбата на Ромите во Република Македонија и ја усвои Информацијата со следните заклучоци:

1.Се задолжува министерот без ресор, задолжен за имплементација на Националната стратегија за подобрување на состојбата на Ромите во Република Македонија, Самка Ибраимовски, во соработка со Министерството за труд и социјална политика, Министерството за образование и наука, Министерството за транспорт и врски, Министерството за култура и Министерството за здравство, задолжени за имплементација на Стратегијата и националните акциски планови, најдоцна до декември 2017 година да дизајнираат и стават во употреба систем за мониторинг на активностите кои се спроведуваат во сите ресори и истиот да го користат како контролен механизам за квалитетот на имплементацијата на Стратегијата и националните акциски планови.

2.Се задолжува министерот без ресор, задолжен за имплементација на Националната стратегија за подобрување на состојбата на Ромите во Република Македонија, Самка Ибраимовски, најмалку еднаш годишно да прави анализи на општите јавни политики кои се од особена важност за ромските заедници и врз основа на истите да предлага на Министерството за труд и социјална политика, Министерството за образование и наука, Министерството за транспорт и врски, Министерството за култура и Министерството за здравство начини за интеграција на мерки со кои ќе се максимизира бенефитот на ромските заедници од општите политики во земјата во областите: вработување, образование, домување, здравство, родова еднаквост и култура.

3.Се задолжуваат Министерството за образование и наука, Министерството за труд и социјална политика, Министерството за здравство, Министерството за транспорт и врски, Министерството за локална самоуправа и Министерството за култура во соработка со министерот без ресор, задолжен за имплементација на Националната стратегија за подобрување на состојбата на Ромите во Република Македонија, Самка Ибраимовски, секоја година до септември во своите годишни планови и програми да интегрираат активности од Стратегијата и националните акциски планови и за нивна реализација да предвидат средства во буџетот.

4.Се задолжува Министерството за локална самоуправа да ја поддржи имплементацијата на локалните акциски планови во единиците на локална самоуправа каде такви планови се усвоени, а се изработени врз основа на Стратегијата за Ромите во Република Македонија 2014-2020 и националните акциски планови.

5.Се задолжува Министерството за локална самоуправа во соработка со министерот без ресор, задолжен за имплементација на Националната стратегија за подобрување на состојбата на Ромите во Република Македонија, Самка Ибраимовски, да ги поддржи единиците за локална самоуправа, кои имаат значителна ромска популација да креираат локални акциски планови за подобрување на состојбата на Ромите, доколку досега немаат подготвено и усвоено такви планови.

6.Се задолжуваат Министерството за образование и наука, Министерството за труд и социјална политика, Министерството за здравство, Министерството за транспорт и врски и Министерството за култура и им се препорачува на единиците на локалната самоуправа каде се усвоени локални акциски планови, на секои три месеци да го известуваат министерот без ресор, задолжен за имплементација на Националната стратегија за подобрување на состојбата на Ромите во Република Македонија, Самка Ибраимовски, за имплементацијата на активностите произлезени од националните акциски планови, односно локалните акциски планови, како и за активностите кои планираат да ги преземат во наредниот период.

7.Се задолжува министерот без ресор, задолжен за имплементација на Националната стратегија за подобрување на состојбата на Ромите во Република Македонија, Самка Ибраимовски, во соработка со заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија, задолжен за европски прашања, д-р Бујар Османи, до крајот на декември 2017 година, да ја информира Владата за сите сегашни и потенцијални домашни и меѓународни донатори кои ја поддржуваат имплементацијата на Стратегијата и националните акциски планови.

8.Се задолжува министерот без ресор, задолжен за имплементација на Националната стратегија за подобрување на состојбата на Ромите во Република Македонија, Самка Ибраимовски, на секои четири месеци да ја информира Владата на Република Македонија за преземените активности во врска со реализацијата на активностите од Стратегијата за Ромите во Република Македонија 2014-2020, односно националните акциски планови.

9.Се задолжува министерот без ресор, задолжен за имплементација на Националната стратегија за подобрување на состојбата на Ромите во Република Македонија, Самка Ибраимовски, да ја претставува Република Македонија на меѓународно министерско ниво за прашања поврзани со ромската заедница, а произлезени од Стратегијата за Ромите во Република Македонија 2014-2020.

10.Се задолжува министерот без ресор, задолжен за имплементација на Националната стратегија за подобрување на состојбата на Ромите во Република Македонија, Самка Ибраимовски, редовно да ја известува јавноста за реализацијата на Стратегијата за Ромите во Република Македонија 2014-2020 и националните акциски планови преку веб страницата на Генералниот секретаријат на Владата на Република Македонија.

**<u>Точка 22</u>**

Владата ја разгледа Информацијата за избор на надзорен орган за Проектот за изградба на Регионална клиничка болница Штип, ја усвои и го задолжи Министерството за здравство да ја

заврши започнатата постапка за избор на надзорен орган со директно преговарање согласно добиената согласност (NO) од кредиторот, и да склучи договор по добивање на согласност од кредиторот (NO) на извештајот за постапката и на финалниот текст на договорот.

**<u>Точка 23</u>**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за Програма за безбедност и здравје при работа, со Предлог – програма, Акциски план за спроведување на Стратегијата за безбедност и здравје при работа 2020, за 2017-2020 година и Стратегија за безбедност и здравје при работа 2020, ја усвои Информацијата и истовремено ги донесе следните заклучоци:

1. Ја донесе Програмата за безбедност и здравје при работа, во предложениот текст.

2. Го прифати Акцискиот план за спроведување на Стратегијата за безбедност и здравје при работа 2020, за 2017-2020 година.

3. Се задолжува Министерството за труд и социјална политика планираните вработувања да ги предвиди во буџетскиот циркулар за 2018 година.

**<u>Точка 24</u>**

Владата ја разгледа Информацијата за воведување на втора смена во јавните установи за деца - детски градинки во Република Македонија, ја усвои Информацијата и го задолжи Министерството за труд и социјална политика потребните финансиски средства во вкупен износ од 10.270.116,00 денари, да ги предвиди во буџетскиот циркулар за 2018 година – во делот на блок дотации, за реализација на втора смена во јавните установи за деца ЈОУДГ „Детска Радост" - Гевгелија, ЈОУДГ ,,Павлина Вељанова" - Кочани, ЈОУДГ ,,Ацо Караманов" - Радовиш, ЈОУДГ ,,Јасна Ристеска" - Охрид, ЈОУДГ ,,Младост" - Тетово и ЈОУДГ ,,Наша Иднина" - Прилеп и истиот да го достави до Министерството за финансии.

Истовремено, согласно донесената Одлука за утврдување распоред на работното време во Владата на Република Македонија, министерствата и другите органи на државната управа, од страна на Владата на Република Македонија и воведувањето на втора смена во дел од државните институции, Владата го задолжи Министерството за труд и социјална политика да ја информира јавноста и детските градинки, а особено детските градинки на територијата на Градот Скопје, да ги проценат потребите за воведување на втора смена за згрижување на децата во нивните установи, согласно барањата и потребите на родителите и во рок од една недела да го известат Министерството за труд и социјална политика.

**<u>Точка 25</u>**

Владата ја разгледа Информацијата за одржан втор круг на преговори за склучување на Договор меѓу Република Македонија и Руската Федерација за соработка во областа на социјалната сигурност, ја усвои Информацијата и ја задолжи Делегацијата на Република Македонија по усогласување на текстот на Договорот меѓу Република Македонија и Руската Федерација за соработка во областа на социјалната сигурност, во рок од 30 дена да поднесе писмен извештај со усогласениот, односно парафираниот текст на меѓународниот договор до Владата.

Истовремено, Владата заклучи да се има предвид укажувањето на Министерството за финансии: - доколку од имплементацијата на договорот произлезат фискални импликации, истите да се обезбедат во рамки на одобрените буџети на надлежните институции.

**Точка 26**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за текот и прогресот на активности за отворање на центрите за ран детски развој во соработка со УНИЦЕФ во Република Македонија и го усвои со заклучок:

- се задолжува Министерството за труд и социјална политика на секои шест месеци да ја информира Владата за прогресот на активностите и тоа за: основани/формирани центри за ран детски развој, број на деца кои ќе се опфатат во центрите за ран детски развој и број на воспитувачи кои ќе бидат вработени (ангажирани) во центрите за ран детски развој.

**Точка 27**

Владата ја разгледа Информацијата за прогрес на Проектот „Отворање на народни кујни“ за периодот јануари - јуни 2017 година и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Се препорачува на Агенцијата за управување со одземен имот да ја разгледа можноста за доделување на возило за транспорт на Центарот за социјални работи - Свети Николе за дистрибуција на храна во општина Лозово и за истото да го извести Министерството за труд и социјална политика, најдоцна до 22.8.2017 година.

2. Се препорачува на Агенцијата за управување со одземен имот да ја разгледа можноста за доделување на возило за транспорт на Центарот за социјални работи - Охрид за дистрибуција на храна во општина Дебарца и за истото да го извести Министерството за труд и социјална политика, најдоцна до 22.8.2017 година.

3. Се препорачува на општина Кисела Вода да обезбеди соодветна просторија за делење на храна во рамки на Проектот „Отворање на народни кујни“ во населено место Кисела Вода и за истото да го извести Министерството за труд и социјална политика, најдоцна до 1.9.2017 година.

4. Се препорачува на општина Карпош да обезбеди соодветна просторија за делење на храна во рамки на Проектот „Отворање на народни кујни“ во населено место Злокуќани и за истото да го извести Министерството за труд и социјална политика, најдоцна до 1.9.2017 година.

5. Се препорачува на општина Велес да обезбеди соодветни простории за делење на храна во рамки на Проектот „Отворање на народни кујни“ на неколку различни локациии и за истото да го извести Министерството за труд и социјална политика, најдоцна до 1.9.2017 година.

6. Се задолжува Министерството за труд и социјална политика да направи анализа на ефектот од функционирање на народните кујни и во рок од 30 дена до Владата на Република Македонија да предложи модели за подобрување на функционирањето на Проектот „Отворање на народни кујни“.

**Точка 28**

Владата ја разгледа Информацијата за придонес кон иницијативата за поддршка на маргинализираните категоии преку одржливост на списанието „Лице в лице“, ја усвои Информацијата и ги задолжи сите органи на државната управа, односно им се укажува на институциите кои немаат статус на органи на државната управа, да ја разгледаат можноста за годишна претплата на списанието „Лице в лице“ со што ќе станат и општествено одговорни институции и за тоа во рок од 15 дена повратно да го информираат Министерството за труд и социјална политика.

**Точка 29**

Владата го одложи разгледувањето на Информацијата за потребата од донесување на Одлука за давање на трајно користење на недвижни ствари, без надомест на Министерството за труд и социјална политика и Одлука за престанување на важењето на Одлуката за престанок и давање на трајно користење на недвижни ствари на Службата за општи и заеднички работи на Република Македонија, со предлог - одлуки (нов текст) за наредната седница на Владата, поради потребата Министерството за труд и социјална политика да го усогласи текстот на материјалот со Министерството за финансии – Управата за имотно - правни работи.

**Точка 30**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за формирање на Интер-ресорска консултативна и советодавна група за еднакви можности на жените и мажите согласно член 10 став 6 од Законот за еднакви можности на жените и мажите, со Предлог-одлука и Предлог-решение (најнови текстови), ја усвои Информацијата и ги донесе Одлуката за формирање на Интер-ресорска консултативна и советодавна група за еднакви можности на жените и мажите и Решението за именување на членови на Интер – ресорска консултативна и советодавна група за еднакви можности на жените и мажите, во предложените текстови.

**Точка 31**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за изменување на Одлуката за испраќање на припадници на Армијата на Република Македонија за учество во вежбовната активност „VIGORIOUS WARRIOR”, во Република Унгарија, во предложениот текст.

**Точка 32**

Владата ја донесе Одлуката за испраќање на припадници на Армијата на Република Македонија за учество во вежбовната активност „JOINT COOPERATION” во Сојузна Република Германија, во предложениот текст.

**Точка 33**

Владата ја одложи од разгледување Предлог - одлуката за престанок и за давање на трајно користење на недвижна ствар на Апелационен суд Гостивар поради потребата Министерството за правда да го усогласи текстот на истата со Министерство за финансии - Управа за имотно-правни работи и Агенцијата за катастар на недвижности, согласно новото мислење на Управата за имотно-

правни работи и новиот текст на Предлог – одлуката да се разгледа на седница на Владата, по извршеното усогласување.

**Точка 34**

Владата го одложи разгледувањето на Предлог – одлуката за давање во закуп на дел од недвижна ствар со непосредна спогодба на Универзитетот „Св.Кирил и Методиј“ во Скопје, за наредната седница на Владата, поради потребата по материјалот да се обезбеди мислење од Државната комисија за спречување на корупцијата.

**Точка 35**

Владата го одложи за наредната седница разгледувањето на Барањето за давање на автентично толкување на член 9 став 1 алинеја 1 од Законот за јавни набавки, поднесено од градоначалникот на Општина Куманово поради потребата Министерството за финансии да подготви зедничко мислење во соработка со Секретаријатот за законодавство.

**Точка 36**

Владата го одложи за наредната седница разгледувањето на Барањето за давање на автентично толкување на членот 42-а став 2 од Законот за управните спорови, поднесено од пратеникот Соња Мираковска, поради потребата Министерството за правда да подготви и до Владата да достави заедничко мислење во соработка со Министерството за финансии, Државното правобранителство на Република Македонија и Секретаријатот за законодавство.

**Точка 37**

Владата го разгледа Годишниот извештај за работата на Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија во 2016 година и притоа го утврди следново мислење:

Согласно член 35 став 1 од Законот за енергетика, најдоцна до 31 март, Регулаторната комисија за енергетика до Собранието на Република Македонија доставува за усвојување годишен извештај за својата работа во претходната година. Годишниот извештај треба да содржи детални информации за активностите од членовите 22 и 23 на Законот за енергетика, како и информации за материјално-финансиското работење на Регулаторната комисија за енергетика. Согласно став 3 од член 31, Годишниот извештај за работата на Регулаторната комисија за енергетика се доставува до Владата на Република Македонија и до Министерството надлежно за работите од областа на енергетиката, заради запознавање. Годишниот извештај исто така треба да содржи информации и податоци согласно Законот за енергетика.

Согласно член 34 став 1 од Законот, Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија се финансира од сопствени извори на средства обезбедени преку наплата на надомест за издадени лиценци и преку наплата на годишен надоместок од вкупниот приход од носителите на лиценци за вршење на енергетска дејност. Согласно член 34 став 6 неискористените средства, односно вишокот на остварени приходи во годината, по покривањето на сите расходи на работењето се пренесуваат во наредната година.

Согласно Законот за енергетика Регулаторната комисија за енергетика е орган во Република Македонија кој е независен во своето работење и одлучување и ги регулира прашањата поврзани со вршењето на енергетските дејности. Во Годишниот извештај за работата на Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија во 2016 година се прикажани активностите на Регулаторната комисија за енергетика во 2016 година кои ги има преземено согласно своите надлежности утврдени во Законот за енергетика во делот на пазарот на електрична енергија, пазар на природен гас, пазар на топлинска енергија, пазар на нафта, нафтени деривати, биогорива и горива за транспорт, обновливи извори на енергија, издавање на лиценци за вршење на енергетски дејности, утврдување на цените на одделни видови на енергија и тарифи, претставки, жалби и тужби, меѓународни активности, финансиското работење на Регулаторната комисија за енергетика во 2016 година, како и планираните активности во 2017 година.

Во Извештајот е даден преглед на реализација на активностите на Комисијата во согласност со член 7 став (3) од Законот за енергетика, според кој Регулаторната комисија за енергетика го следи исполнувањето на обврските за обезбедување на сигурност во снабдувањето од страна на вршителите на регулирани енергетски дејности и во годишниот извештај особено ги вклучува, покрај останатото и податоците поврзани со: едногодишниот енергетски биланс и можности за обезбедување на сигурно снабдување со енергија во периодот од пет години до 15 години после годината за која се изготвува извештајот и можните инвестиции во интерконекции во следните пет години.

Во делот на Извештајот кој се однесува на водните услуги се укажува дека во согласност со Законот за изменување и дополнување на Законот за енергетика („Службен весник на Република Македонија'', бр. 6/2016), Регулаторната комисија за енергетика од 1.8.2016 година отпочна да врши надлежности и во делот на формирање на цени на водни услуги. Во овој дел не се наведени конкретни активности кои ги има преземено Комисијата во последниот квартал од 2016 година.

Во поглавјето претставки, управни и судски постапки се дава преглед на претставките, постапките за одлучување по спорови, барањата за слободен пристап до информации од јавен карактер и судските постапки кои биле поведени и/или по кои Регулаторната комисија за енергетика постапувала во текот на 2016 година.

Согласно доставениот Извештај, Регулаторната комисија за енергетика остварила приходи во износ од 74.739.571 денари и тоа приходи од наплатен надоместок на носители на лиценци кои вршат енергетски дејности се остварени во износ од 73.204.185 денари (97,95%), приходи од надоместок за издавање на лиценци 1.387.481 денари (1,85%) и приходите по други основи 147.905 денари (0,20%). Вкупно остварени приливи на средства во 2016 година (приходи од редовно работење во износ од 74.739.571 денари и дел од наменски одобрени средства од претходните години наменети за изградба на деловен простор во износ од 97.668.901 денари) изнесуваат 172.408.472 денари.

Вкупно се реализирани расходи во износ од 130.623.199 денари и истите се за 59,4% поголеми од планираните расходи за 2016 година поради одлеани парични средства за деловниот простор по добиени времени ситуации. Структурно гледано расходите за наемнини се повисоки за 91,50% во однос на планираните поради доцнењето со градежните работи за деловниот простор, расходите за градежните објекти се повисоки за 457.32% согласно доставените времени ситуации за изградбата на новите деловни простории во соработка со други државни институции и регулаторни тела.

Од аспект на секојдневното работење на Регулаторната комисија за енергетика и остварување на нејзините функции, со цел да се гарантира нејзината независнот, професионалност, непристрасност и објективно извршување на надлежностите, при што треба да се обезбеди независност и од партиско –политичко влијание се поставува прашање дали изборот и именувањето на одделни членови на Регулаторната комисија е извршен во согласност со Законот за енергетика. Конкретно се поставува прашање дали е испочитуван член 17 став 2 точка 3 од Законот за енергетика, односно дали за член на Регулаторната комисија за енергетика можело да биде избрано лице кое било член на надзорен или управен одбор или одбор на директори во друштво кое врши регулирана енергетска дејност, односно дејност управување со води. Ваквиот пристап во основа значи постоење на можност за несоодветно извршување на функцијата поради пристрасност кога истата ќе треба да се применува над субјектите каде претходно била извршувана функција член на надзорен или управен одбор или одбор на директори во друштво кое врши регулирана енергетска дејност. Одредбите од член 17 се во согласност со европските директиви и нивната цел е остварување на целосна независност на функциите на регулаторните тела, со цел да се обезбеди подобрување на условите на пазарите на енергија и зголемување на конкуренција.

Исто така, има потреба да се согледа, дали од спроведувањето на надлежностите произлегуваат можни предлози за поттикнување на конкуренцијата на енергетски пазари со иницијативи за евентуални измени и дополнувања на прописите со кои се уредуваат прашањата во одделни енергетски области.

Заради мониторинг - следење на енергетските пазари, како прашање од внатрешно организационен карактер се согледува и потреба од зајакнување на човечки ресурси, кое произлегува и од содржината на доставениот Извештај.

Имајќи предвид дека предметниот Извештај опфаќа веќе реализирани активности, се упатува на потребата за рационалност и економичност во трошењето на планираните средства во иднина, намалување на непродуктивните расходи и придржување на одобрениот финансискиот план.

**<u>Точка 38</u>**

Владата го разгледа Годишниот извештај за извршените ревизии и за работењето на Државниот завод за ревизија за 2016 година и притоа го утврди следното мислење: Согласно член 33 од Законот за државната ревизија („Службен весник на Република Македонија" бр. 66/10, 145/10, 12/14, 43/14, 154/15, 192/15 и 27/16), Државниот завод за ревизија изготвува Годишен извештај за извршените ревизии и за работата на Државниот завод за ревизија и истиот го доставува на разгледување до Собранието на Република Македонија, најдоцна до 30 јуни во тековната година, за претходната година.

Во Годишниот извештај на Државниот завод за ревизија презентирани се податоци за: извршени ревизии и издадени извештаи, согласно Годишната програма за работа, реализираните цели утврдени во Стратегијата за развој на Државниот завод за ревизија 2013-2017, Стратегијата за управување со човечки ресурси 2013-2017 и ИТ Стратегијата 2013-2017 и реализација на соработка со ревизорски тела на билатерално и меѓународно ниво во текот на 2016 година.

Согласно Извештајот, вкупниот буџет на Државниот завод за ревизија во 2016 година изнесувал 99.237.000 денари од кои 95.237.000 денари (96%), се обезбедени од централниот буџет, а

останатите 4% се од сопствени приходи. Во вкупниот буџет не е земен предвид износот од 12.460.000 денари, средства обезбедени од донација одобрена од Министерството за надворешни работи на Норвешка.

Составен дел на Годишниот извештај се Извештајот на независниот ревизор од извршена ревизија на работењето на Државниот завод за ревизија и Извештајот на независниот ревизор од извршена ревизија на финансиските извештаи на Проектот МАК 12/2015 „Имплементација на систем за управување со ревизија".

Ревизиите се извршени од страна на Друштвото за ревизија „РСМ Македонија" ДООЕЛ Скопје.

Според мислењето на ревизорот, финансиските извештаи на Државниот завод за ревизија објективно од сите материјални аспекти ја презентираат финансиската состојба и законското користење на средствата во 2016 година.Ревизорот дава позитивно мислење и по извршената ревизија на финансиските извештаи на Проектот МАК 12/2015 „Имплементација на систем за управување со ревизија".

Според горенаведеното, Владата на Република Македонија укажува на потребата во иднина Државниот завод за ревизија при прикажување на вкупниот износ на сопствениот буџет во извештајот да ги земе предвид и износите на средствата одобрени од донации.

**Точка 39**

Владата ја донесе Одлуката за утврдување на работите од премерот во функција за запишување на недвижности сопственост на Република Македонија (нов текст), во предложениот текст.

**Точка 40**

Владата го одложи разгледувањето на Иницијативата поднесена од Игорчо Точев од Кочани, доставена до Уставниот суд на Република Македонија под У.бр.55/2017, за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 84-а став 6 од Законот за социјалната заштита („Службен весник на Република Македонија“ бр.79/2009, 36/2011, 51/2011, 166/2012, 15/2013, 79/2013, 164/2013, 187/2013, 38/2014, 44/2014, 116/2014, 180/2014, 33/2015, 72/2015, 104/2015, 150/2015, 173/2015, 192/2015 и 30/2016), за наредната седница на Владата поради потребата Министерството за труд и социјална политика, во соработка со Секретаријатот за законодавство до Владата да достави мислење по истата.

**Точка 41**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Вера Станоевска од Скопје за продажба на недвижен имот, со Имотен лист бр.2897 за КО Кисела Вода 1, на КП 5004, со дополнувањето и не ја прифати Понудата, имајќи го предвид Мислењето на Министерството за транспорт и врски.

**Точка 42**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Мексуд Максуд од Ресен за продажба на сосопственички дел од недвижен имот, земјиште кое претставува 1030/2082 идеален дел од КП 5784, со Имотен

лист бр.57036 за КО Ресен и не ја прифати Понудата имајќи го предвид Мислењето на Министерството за транспорт и врски.

**Точка 43**

Владата на Арсим Азири разрешен од функцијата вршител на должноста директор на Агенцијата за управување со одземен имот му утврди право за остварување плата по престанувањето на функцијата за време од 9 месеци, за период од 3.8.2017 година до 3.5.2018 година.

**Точка 44**

1. Владата го разгледа и го прифати Известувањето за активностите поврзани со кризната состојба на дел од територијата на Република Македонија за период од 5.8.2017 година до 13.8.2017 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Македонија и Собранието на Република Македонија.

2. Владата го разгледа и го прифати Известувањето за активностите поврзани со кризната состојба на дел од територијата на Република Македонија, за период од 7.8.2017 година до 13.8.2017 година, и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Македонија и Собранието на Република Македонија.

3. Владата заклучи на Министерството за внатрешни работи да му се дадат на трајно користење клима уреди за потребите на Одделот за гранични работи и миграции, Регионален центар Југ, за потребите на Полициска станица за граничен надзор и проверки Богородица (7) и за потребите на Одделот за гранични работи и миграции, Регионален центар Север, за потребите на Полициска станица за гранични проверки Табановце (8).
За ова Генералниот секретаријат на Владата на Република Македонија да подготви соодветни одлуки кои да се сметаат за донесени на оваа седница на Владата.

4. Владата по повод заклучокот донесен на Дваесеттата седница на Владата на Република Македонија, одржана на 4.8.2017 година, а во врска со Точка 9, Извештај за завршени преговори за потпишување на Протокол меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Косово за начинот на изработката на урбанистичко-планска и соодветна техничка документација, поделба на режиските трошоци и трошоците за одржување на заедничкиот објект, како и за начинот на вршењето на граничната контрола на Заедничкиот граничен премин меѓу Република Македонија и Република Косово наменет за меѓународен патен сообраќај „Белановце-Станчиќ", со усогласен текст на Протоколот на македонски и англиски јазик, заклучи Заклучокот бр.2 да се измени и да гласи:

„2. Се определува д-р Арта Точи, заменик на министерот за надворешни работи, во име на Владата на Република Македонија, да го потпише усогласениот Протокол меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Косово за начинот на изработката на урбанистичко-планска и соодветна техничка документација, поделба на режиските трошоци и трошоците за одржување на заедничкиот објект, како и за начинот на вршењето на граничната контрола на Заедничкиот граничен премин меѓу Република Македонија и Република Косово наменет за меѓународен патен сообраќај „Белановце-Станчиќ".

**Точка 45**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со одржан состанок во Секретаријатот на Енергетска заедница во Виена, Австрија на 9.8.2017 година, како материјал за информирање.

**Точка 46**

Владата ја разгледа Информацијата за спроведување на мерките за реформи на поврзаноста т.н. меки мерки усвоени на самитите на Западен Балкан 6, одржани во Виена на 27.8.2015 година и во Париз на 4.7.2016 година, со дополнувања кон неа, како материјал за информирање.

**Точка 47**

Владата ја разгледа Информацијата за прогрес на активностите во врска со одложената имплементација на наставните планови и програми за I (прва) година на гимназиското образование, средното стручно четиригодишно образование и за средното стручно тригодишно образование, како материјал за информирање.

**Точка 48**

Владата ја разгледа Информацијата за прогрес на имплементираните проекти од Стратегијата за Роми и вклучување на Ромите - 2020 во Министерството за труд и социјална политика, за периодот април - јуни 2017 година, како материјал за информирање.

**Точка 49**

Владата ја разгледа Информацијата за текот и прогресот на активностите во врска со проектот „Изградба на детска градинка во с.Зрновци“, како материјал за информирање.

**Точка 50**

Владата го разгледа Годишниот извештај за преземените активности и постигнатиот напредок за воспоставување еднакви можности на жените и мажите во Република Македонија за 2016 година, како материјал за информирање.

**Точка 51**

Владата го разгледа Годишниот извештај за работата на Меѓуресорската комисија надлежна за одобрување на предлог - проект и доставување на предлог за исплата на трошоци за производството на домашна документарна и/или домашна играна програма за 2016 година, како материјал за информирање.

**Точка 52**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со донесување на Програма за изменување и дополнување на Програмата за развој на туризмот за 2017 година, со Предлог – програма, ја усвои Информацијата и го донесе најновиот текст на Програмата за изменување и дополнување на Програмата за развој на туризмот за 2017 година, со заклучок јавниот повик за организирање на одморот да се однесува на работници со ниски примања.

Истовремено, Владата заклучи Министерството за економија јавниот повик да го објави во најкус можен рок и на транспарентен начин, со појаснување кои документи се потребни за пријавување на огласот како и на сите да им се овозможи ист период за пријавување на истиот.

**Точка 53**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со донесување на Програма за изменување и дополнување на Програмата за конкурентност, иновации и претприемништво за 2017 година, со Предлог-програма, ја усвои Информацијата и го донесе новиот текст на Програмата за изменување и дополнување на Програмата за конкурентност, иновации и претприемништво за 2017 година, во предложениот текст.

**Точка 54**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со донесување на Програма за изменување на Програма за надоместување на дел од трошоците за купени и вградени сончеви термални колекторски системи во домаќинствата и за надоместување на дел од трошоците за купени и вградени ПВЦ или алуминиумски прозорци во домаќинствата за 2017 година, со Предлог-програма, ја усвои Информацијата и ја донесе Програмата за изменување на Програмата за надоместување на дел од трошоците за купени и вградени сончеви термални колекторски системи во домаќинствата и за надоместување на дел од трошоците за купени и вградени ПВЦ или алуминиумски прозорци во домаќинствата за 2017 година, во предложениот текст.

**Точка 55**

Владата ја разгледа Предлог – одлуката за изменување на Одлуката за запишување на право на сопственост на АД „МЕПСО"- Скопје на линиски инфраструктурен објект ДВ 422 ТС Дуброво - грчка граница во Катастарот на инфраструктурни објекти и притоа заклучи Агенцијата за катастар на недвижности и Секретаријатот за законодавство да подготват усогласен текст на соодветна одлука за запишување на право на сопственост на АД „МЕПСО" - Скопје на линиски инфраструктурен објект ДВ 422 ТС Дуброво - грчка граница во Катастарот на инфраструктурни објекти, која да се смета за донесена на оваа седница на Владата.

*

*        *

На седницата се водени стенографски белешки.

Седницата заврши во 15.55 часот.

**ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**д-р Драги Рашковски**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**Зоран Заев**